Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
бр. 05 - 1186/19
10-04-2017 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 и 120/16) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-1186/9 од 30.03.2017 г. , Извештај од спроведена постапка пред спроведување е-аукција бр. 05-1186/10 од 30.03.2017 г., Извештај од спроведени е-аукции бр. 05-1186/15 од 03.04.2017 г., Извештај од спроведена постапка по реализирани е-аукции бр.05-1186/16 од 03.04.2017 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**20/2016** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Набавка на персонални компјутери, скенери, принтери, преносни компјутери и фотокопирни апарати**

На основ на Записник од отворање на понуди бр.05-1186/9 од 30.03.2017 г. , Извештај од спроведена постапка пред спроведување е-аукција бр. 05-1186/10 од 30.03.2017 г., Извештај од спроведени е-аукции бр. 05-1186/15 од 03.04.2017 г., Извештај од спроведена постапка по реализирани е-аукции бр.05-1186/16 од 03.04.2017 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-1186/2 од 31.03.2016г., со примена на постапка барање со прибирање понуди со е-аукција, Договорите за Набавка на персонални компјутери, скенери, принтери,преносни компјутери и фотокопирни апарати се доделуваат на:

За ДЕЛ 1
**„ АМЦ "ДОО**
**Ул. ,,Њуделхиска,, бр.17, - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

За ДЕЛ 2
**„ ЕВИ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ТРАДЕ "ДООЕЛ**
**Ул. ,,Иван Козаров,, бр.24/60-61 – Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 4 (четири) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачите чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолните понуди, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

______________

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

| | | | |
|---|---|---|---|
| изготвил: | Јанко Михајловски | ______ | 04.04.2017 |
| контролирал: | Анета Тодоровска | ______ | |
| | Светлана Сотировска | ______ | |